Европска комисија

# ЕРАЗМУС ЧАРТЕР ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ 2014-2020

*Европската комисија го доделува овој чартер на:*

INSTITUT ZA OPSTESTVENI I HUMANISTICKI NAUKI SKOPJE

270581-EPP-1-2016-1-MK-EPPKA3-ECHE

## Институцијата се обврзува да ги почитува следните принципи:

- Почитување во целост на принципите на недискриминација утврдени во Програмата, како и обезбедување еднаков пристап и можности за мобилните учесници од сите средини.
- Да се обезбедат целосни признанија за задоволително извршените активности на студентски мобилности и каде што е можно, за стажирањата во однос на доделени кредити (ЕКТС или компатибилен систем). Да се обезбеди вклучување на задоволително завршени студии и/или активности од мобилности за стажирања во финалниот резултат на нивните достигнувања (Додаток на диплома).
- Не се наплаќа дополнителна такса во случај на кредит-мобилност, за дојдовните студентски мобилности, школарина, регистрација, испити и пристап до библиотека и лаборатории.

Институцијата понатаму се согласува да:

### - Кога учествува во активности за мобилност -

### Пред мобилноста

- Го објавува и редовно го ажурира каталогот на курсеви на веб-страната на институцијата, доволно време однапред на одржување на мобилностите, со цел да биде транспарентен до сите страни и да им дозволи на студентите за мобилност да направат соодветен извор на курсевите кои ќе ги следат.
- Мобилностите се изведуваат исклучиво според рамката наведена во договорите помеѓу институциите. Овие договори се воспоставени од соодветните одговорни лица на двете страни, и се основани на нивните заложби за споделување на критериуми за квалитет при селекција, подготовка, прием и интегрирање на учесниците во мобилноста.
- Да се осигура дека излезните учесници во мобилноста се добро подготвени за самата мобилност, имајќи ги потребните нивоа на јазична спремност.
- Да се осигура дека студентстките мобилности или мобилностите на вработените и професорите за образование или обука се одвиваат според договорите за студенти и договорите за вработени валидирани однапред од институцијата испраќач и институцијата домаќин, или пак од страна на претпријатијата и учесниците на мобилноста.
- Да се обезбеди помош поврзана со вадење визи кога е потребно за дојдовните и излезните учесници на мобилности.
- Да се обезбеди помош поврзана со вадење осигурување кое е потребно за дојдовните и излезните учесници на мобилности.
- Да се обезбедат насоки за дојдовните учесници на мобилноста при наоѓање на сместување.

### За време на реализација на мобилност

- Да се обезбеди еднаков третман како за домашните студенти и вработени така и за лицата кои што доаѓаат на мобилност.
- Да се интегрираат лицата што доаѓаат на мобилност во секојдневните активности на институцијата.
- Да се обезбедат соодветни услови за менторство и поддршка за лицата што доаѓаат на мобилност.
- Да се обезбеди соодветна јазична поддршка за лицата што доаѓаат на мобилност.

### По завршување на мобилноста

- Признавање на сите активности предвидени во договорот за учење поврзани со признавање на стекнатите кредити доколку студентот успешно ги положил предвидените предмети.
- Да им се обезбеди на студентите кои што ќе присуствуваат на студентска мобилност транскрипт на оцени кои содржат целосна, точна и навремена евиденција за достигнувањата на студентот од почетокот па се до завршувањето на студентската мобилност.
- Поддршка за реинтеграција на студентите како и можност по враќањето во матичната Високообразовна институција стекнатото искуство да го споделат со колегите студенти и професорите.
- Задолжително ќе се обезбеди признавање на спроведените наставни ангажмани и обуки за административен кадар реализирани во текот на мобилноста согласно Договорот.

### - Учество во европските и меѓународните проекти за соработка -

- Сигурност дека соработката води кон одржливи и балансирани резултати за сите партнери.
- Поддршка за професорите и студентите учесници во ваков вид на активности.
- Експлоатација на резултатите од реализираните проекти на начин што ќе се зголеми импактот врз субјектите и Универзитетите учесници како и можност за споделување на искуствата со пошироката академска заедница.

### - За целите на видливост -

- Објавување на Еразмус чартерот (Еразмус Универзитетската повелба) и Изјавата поврзана со Еразмус чартерот на веб страната на Високо образовната институција.
- Промовирање на активностите поддржани со програмата заедно со постигнатите резултати.

*Во име на институцијата се задолжувам дека спроведувањето на Еразмус чартерот (Еразмус Универзитетска-та повелба) ќе биде следено, воедно прекршување и злоупотреба на било кој од принципите и обврските наведени погоре може да доведат до повлекување на Чартерот од страна на Европската Комисија.*

*- signed -*

KATERINA KOLOZOVA
Институција

MK SKOPJE14